


***Излезе од печат монографијата „Силјан Мицевски“ која се однесува на животот и делото на  бизнисменот Силјан Мицевски-Циле. Тоа е дело на Славе Николовски-Катин во коавторство со Ѓорѓи Лумбуровски, а е подготвена од Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје, на 330 страници, на македонски јазик, проследена со глем број фотографии, а е отпечатена во печатницата „Напредок“, во Тетово. Рецензенти на монографијата се академик Владо Камбовски, проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ и проф.д-р Ѓорѓи Михајловски.***

Силјан Мицевски е првиот човек на градежното претпријатие „Пелистер“, а неговото семејство поседува близу 50 аптеки „Еурофарм“ низ цела Македонија. Поседува капитал и во повеќе компании низ Македонија што се занимаваат со градежништво. Инаку, важи за човек што со години помага во битолскиот спорт, културата, а им помогнал и на голем број битолчани. Тој е угледен македонски стопанственик, спортист, поддржувач на културата, уметноста и спортот, донатор, почесен конзул на Република Србија во

Република Македонија и поранешен градоначалник на Општина Битола,

Во монографско дело за  Силјан Мицевски-Циле, како често го викаат неговите блиски е забележано дека тој е роден на 16 октомври 1945 година во Битола, градот на конзулите, како што го нарекуваат. Битола е неговата гордост, инспирација и предизвик. Таму тој работи и таму има постигнато значајни резултати како успешен и деловен човек, спортист, активист, градоначалник на Битола, хуманист, како и признат граѓанин на Битола, на Република Македонија и пошироко на овие балкански и европски простори.

Кога се пишува за дипломатска Битола, едно од најзначајните дипломатски имиња, секако, е Силјан, кој е почесен конзул на Република Србија во Република Македонија. Имено, на свечен чин, во присуство на голем број високи гости, на 4 декември 2007 година, во Битола беше отворен почесниот конзулат на Република Србија. Од страна на Владата на Македонија, за прв почесен конзул беше назначен Силјан Мицевски.

Битола е седиште и на десетина почесни конзулати, меѓу кои на: Франција, Велика Британија, Турција, Романија, Грција, Русија, Словенија, Бугарија, Хрватска и Србија чиј почесен конзул е Силјан Мицевски-Циле. Инаку, во организација на Конзулатот на Република Србија во Република Македонија под покровителство на почесниот конзул м-р Силјан Мицевски досега се одржани пет меѓународни научни собири и од нив се издадени четири посебни зборници на трудови во кои се презентирани повеќе од 150 научни трудови.

Силјан Мицевски на политичката сцена влезе во 1990 година. За време на партиското преструктуирање, кога и СДСМ доживеа Пратеници, името на Силјан е ставено на листата за пратеници во Собранието на Република Македонија од битолскиот регион.

